ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, Numer 0401-5109/11
Дата, Data 01-07-2021
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 52 став 3 од Законот за административни службеници („Службен весник на РСМ" бр. бр.167/2015, 27/2016 и 120/2018) Директорот на ЈП Водовод и канализација – Скопје донесува

**ОДЛУКА**

за невршење на избор на кандидат по интерен оглас за унапредување на административен службеник

1.НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР на кандидат за работното место **2. Советник – внатрешен ревизор во Одделение за внатрешна ревизија, со шифра КДР0102В01056, ниво В01, 1 (еден извршител),**

2. Оваа одлука ќе се објави на интернет страницата на ЈП Водовод и канализација - Скопје.

**Образложение**

На ден 15.06.2021 година на веб страната на ЈП Водовод и канализација - Скопје и Веб страната на Агенцијата за администрација, објавен е Интерен оглас бр.01/2021 за пополнување на работното место Советник – внатрешен ревизор во Одделение за внатрешна ревизија, со шифра КДР0102В01056, ниво В01, 1 (еден извршител) со унапредување.

Комисијата за селекција за унапредување на административниот службеник, формирана со Решение бр.0401-5109/7 од 25.06.2021 година, по спроведената административна селекција и разгледување на пријавите и изводите од персоналните досиеја на пријавените кандидати констатира дека на огласот се пријавени вкупно 2 кандидати од кои 1 кандидат со неуредна документација и за тоа состави записник од административна селекција бр.0401-5109/8 од 30.06.2021 година кој го достави до Директорот. Неуредноста на кандидатот се однесуваше на неговото образование односно неисполнување на условот од минимум 240 ЕКТС од бараното образование (правни или економски науки) согласно објавениот интерен оглас и систематизацијата на претпријатието. Имено кандидатот се стекнал со 180 ЕКТС и со стручен назив дипломиран на безбедност и финансиска контрола на Универзитет Св.Климент Охридски –

Битола, Факултет за безбедност – Скопје и 60 ЕКТС со стекнат назив специјалист по Право на интелектуална сопственост (двојна диплома со Унив.Стразбур) на Универзитет Св. Кирил и Методиј – Скопје Правен факултет Јустинијан Први.

Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука може да се изјави жалба до Агенцијата за администрација, во рок од 8 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата на Водовод и канализација - Скопје.

ЈП Водовод и канализација – Скопје
Директор
М-р Душко Весковски

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА • NDËRMARJA PUBLIKE UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI • СКОПЈЕ SHKUP

**ДОСТАВЕНО ДО:** Стрaовд 01.07.2021
- Пријавениот кандидат
- Одделение за управување со човечки ресурси
- Агенција за администрација
- Архива